# ВОДИЧ

## СОБИР НА СОДРУЖНИЦИ

**Во соработка со проектот “Корпоративно управување и Законот за трговските друштва” од УСАИД**

**Скопје 2005**

**Подготвил:**
**Проф. Др. Тито Беличанец**

**Издавач:**
**Здружение на правници од стопанството на РМ**
**Совет за корпоративно управување**

**Уредувачки одбор:**
**Проф. Др. Тито Беличанец,**
**редовен професор на Правниот факултет во Скопје**
**Самир Латиф,**
**сениор правен советник при проектот CG & CL**
**Др. Грегори Ф. Масен,**
**директор на проектот CG & CL**
**Дерил Браун,**
**сениор правен советник при проектот CG & CL**
**Марија Игњатова Ѓошева,**
**правен советник при проектот CG & CL**

**Тираж:**
**1000 примероци**

**Печати:**
**Алма Печатница**

**Скопје 2005**

# 1. ПОИМ НА СОБИРОТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ

Основни права на секој содружник во ДОО се: правото да учествува во управувањето со друштвото; право да учествува во распределбата на добивката; правото да биде информиран за работењето на друштвото; правото да врши увид во книгите на друштвото и во другата документација; и правото на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса. Покрај овие права содружникот има и други права одредени со Законот за трговските друштва и со договорот за друштвото.[1] Содружниците ги донесуваат одлуките за овие права на собир на содружниците или со одлучување преку допишување.[2]

За разлика од Законот за трговските друштва од 1996 година[3], според којшто собирот на содружниците беше облигатен орган, поточно форма на одлучување на содружниците на друштвото, Новиот Закон за трговски друштва од 2004 година[4] има друг третман на собирот на содружниците. Законот за трговските друштва од 1996 година ги определи прашањата за кои содружниците облигаторно одлучуваат на собирот на содружниците. Собирот на содружниците можеше по своја слободна волја да го преземе вршењето на сите работи што се однесуваат на водењето на работите на друштвото, а имаа дејство про интерно. Во Законот за трговските друштва избришана е одредбата според којашто собирот на содружниците може едногласно да одлучува и за секое прашање од значење за работењето на друштвото.

---

[1] Определени во Законот за трговски друштва (ЗТД), во член 184, став 1, според став 2 од истиот член содружникот може да има и други права определени со договорот за друштвото

[2] ЗТД, член 213, став 1

[3] Во натамошниот текст: Закон за трговски друштва од 1996 година

[4] Во натамошниот текст: Закон за трговски друштва

Законот за трговските друштва има друг пристап кон собирот на содружниците: со договорот за друштвото може да се определи содружниците за прашањата наведени во Законот за трговските друштва како прашања во надлежност на собирот на содружниците[5] да одлучуваат преку допишување.[6] Според тоа собирот на содружниците само по правило е основниот облик преку којшто содружниците ќе го остваруваат правото на учество управувањето со друштвото и правото на информирање за работењето на друштвото.

Собирот на содружниците не е претставнички орган на содружниците на друштвото, туку облик определен со Законот за трговските друштва преку кој содружниците го остваруваат правото на одлучување во друштвото.

Но и покрај тоа што собирот на содружниците ја изгуби "хиерархијата" меѓу облиците преку кои содружниците ги донесуваат одлуките, останува основниот облик преку кој содружниците ги донесуваат одлуките во друштвото. Ако со договорот за друштвото содружниците не се определиле да одлучуваат преку допишување за прашањата се претпоставува дека содружниците ќе ги донесуваат одлуките на собирот на содружниците. И не само тоа: секогаш кога со договорот за друштвото е определено содружниците за одделно прашање да одлучуваат преку допишување, секој содружник може да даде предлог да се свика собир на содружниците на којшто ќе се одлучува по прашањето за кое со договорот за друштвото е определено дека ќе се одлучува со допишување.[7]

Кон овие аргументи можат да бидат наведени уште три суштествени аргументи:

Прво, персоналниот состав на сите органи на друштвото се формира со одлука на собирот на содружниците, и

---

[5] ЗТД, член 215, став 1
[6] ЗТД, член 215, став 3
[7] ЗТД, член 222, став 2

Второ, собирот на содружниците врши контрола над управувањето со друштвото што го вршат другите органи.

## 2. СОСТАВ НА СОБИРОТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ

Собирот на содружниците го сочинуваат сите содружници кои имаат стекнато статус (својство) на содружници. Тоа значи на собирот на содружниците во својството на содружниците можат да учествуваат сите содружници. Управителот на друштвото ако е содружник може да учествува во работата на собирот и да има право на глас.[8]

Во однос на друштвото, содружник на друштвото е само оној кој е запишан во книгата на удели. Се смета дека уписот во книгата на удели е извршен на денот кога на друштвото ќе му пристигне пријавата за упис, ако таа ги исполнува условите што се бараат за таков упис, без оглед на времето кога уписот вистински е извршен.[9]

Според Законот за трговските друштва и повеќе сосопственици можат да имаат еден удел. Во тој случај овие лица се сметаат за еден содружник и своите права можат да ги остваруваат само преку заеднички застапник, а за обврските што произлегуваат од уделот одговараат солидарно. Сосопствениците на удел се обврзани да потпишат писмено полномошно за назначување на заедничкиот застапник и да му го достават на друштвото. Ако назначениот застапник гласа или презема некое друго дејствие во однос на уделот, друштвото го прифаќа гласањето или другото дејствие без да се впушти во натамошно испитување на неговото овластување од содружниците. Ако сосопствениците на удел не му го пријават на друштвото заедничкиот

---

[8] ЗТД, член 214

[9] ЗТД, член 196, ставовите 1 и 2

застапник, правните работи и дејствија што друштвото ги презема се полноважни, ако ги презема спрема еден од сосопствениците и тие дејствуваат спрема сите сосопственици.[10]

Секој од сосопствениците на удел мора да му обезбеди на друштвото податоци кои според овој закон се бараат за секој содружник. Друштвото ги испраќа сите известувања за работењето на друштвото и ја исплаќа распределената добивка само на заедничкиот застапник и нема обврска тоа да го врши спрема секој сосопственик.[11]

## 3. НАДЛЕЖНОСТ НА СОБИРОТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ

### 3.1. Кој ја утврдува надлежноста на собирот на содружниците?

Во Законот за трговските друштва од 1996 година надлежноста на собирот на содружниците примарно ја утврдуваше законот, а суплеторно се уредуваше и со договорот за друштвото. И Законот за трговските друштва надлежноста на собирот на содружниците ја утврдува со двата нормативни инструменти:

- Законот за трговските друштва; и
- Договорот за друштвото.

На тоа упатуваат членот 213 со којшто се уредуваат облиците преку содружниците ги донесуваат одлуките и членот 215 со којшто се уредува надлежност на собирот на содружниците.

Како што веќе укажавме Законот за трговските друштва, во принцип ги изедначува собирот на содружниците и одлучувањето преку допишување. Прашањата за кои содружниците ќе одлучуваат на собир на содружниците или преку допишување, начинот, условите

[10] ЗТД, член 202, ставовите 1,2,4 и 5
[11] ЗТД, член 202, ставовите 3 и 6

и постапката на донесувањето на одлуките содружниците ги определуваат со договорот за друштвото.[12]

Во Законот за трговските друштва одлучувањето преку допишување е определено како "форма преку која содружниците се изјаснуваат, односно донесуваат одлуки за прашањата определени во договорот за друштвото без одржување собир на содружниците".[13]

Но Законот за трговските друштва, како да дава одредена "предност" на собирот на содружниците. Законот за трговските друштва не ги определува прашањата за кои содружниците се изјаснуваат, односно донесуваат одлуки без одржување собир на содружниците. Сосема е поинаков пристапот кон собирот на содружниците. Законот за трговските друштва ја определува надлежноста на собирот на содружниците, односно ги определува работите кои ги врши собирот на содружниците.[14]

### 3.2. Која е според Законот за трговските друштва надлежноста на собирот на содружниците, односно кои работи ги определува да ги врши собирот на содружниците?[15]

Според Законот за трговските друштва собирот на содружниците:

1) ги усвојува годишната сметка и годишните финансиски извештаи, како и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката и за покривање на загубите;

2) ги избира и ги отповикува управителот, односно другите управители, ако друштвото избира повеќе управители, и одлучува за склучување на договорот меѓу друштвото и управителот;

---

[12] ЗТД, член 213
[13] ЗТД, член 3, т.28
[14] ЗТД, член 215, став 1
[15] ЗТД, член 215, став 1

3) ги избира и ги отповикува членовите на надзорниот одбор, односно избира и отповикува контролор, ако друштвото има орган на надзор;

4) одлучува за мерките за испитување и вршење контрола над водењето на работите;

5) донесува одлука да се поведе постапка за надомест на штетата што ја претрпело друштвото во врска со неговото основање и управување спрема управителот, членовите на надзорниот одбор или контролорот (ако друштвото има орган на надзор) и одлучува за назначувањето застапник за водење на споровите, ако друштвото не може да го застапуваат управителот, односно управителите или членовите на надзорниот одбор;

6) одобрува склучување договори за набавка што е поголема од една петтина од основната главнина;

7) одобрува склучување договори што друштвото ги склучува со свој содружник, управител или со нивните роднини во права линија без ограничување и странична линија до трет степен, освен ако тие договори се склучуваат под вообичаените услови на работење на друштвото;

8) одлучува за измена на договорот за друштвото и

9) врши и други работи определени со Законот за трговските друштва.

Поред наброените работи на кои упатува Законот за трговските друштва, со договорот за друштвото содружниците можат да ја прошират надлежноста на собирот и собирот да одлучуваа и за други прашања.[16]

Но содружниците можат да се определат и за друго решение. За сите прашања што спред Законот за трговските друштва се определени во надлежност на собирот на содружниците и оние кои тие ќе ги определат во договорот за друштвото, содружниците да одлучуваат преку допишување.[17]

---

[16] ЗТД, член 215, став 2
[17] ЗТД, член 215, став 3

Сепак Законот за трговските друштва ја "релативизира" можноста за сите прашања што спред Законот за трговските друштва се определени во надлежност на собирот на содружниците и оние кои тие ќе ги определат во договорот за друштвото содружниците да можат да одлучуваат преку допишување. Како што е веќе укажано и кога со договорот за друштвото е определено содружниците да одлучуваат за определено прашање преку допишување, секој содружник може да даде предлог да се свика собир на содружниците на којшто ќе се одлучува по прашање-то.[18] Се разбира тоа не значи дека тоа ги обврзува другите содружници. Обврската се состои да се свика собир на содружниците а дали содружниците ќе го прифатат предлогот по прашање кое според договорот за друштвото е определено содружниците да одлучуваат преку допишување да одлучуваат на собир на содружноците ќе зависи од одлуката на содружниците, која ќе ја донесат со мнозинството определено во договорот за друштвото.

Токму затоа македонскиот Закон за трговските друштва се "доближи" до законите на земјите кои се под влијание на германскиот модел на регулација на друштвото со ограничена одговорност во поглед на начинот на кој се одлучуваат содружниците во овие земји. Кај нив во начело надлежноста на собранието/собирот на содружници се утврдува во договорот за друштвото, поточно само со договорот и по правило законот е исклучен од регулацијата на надлежноста на собранието /собирот на содружници.

Законот за трговските друштва од 1996 година, покрај тоа што ја имаше пропишано надлежноста на собирот на содружници, со други посебни одредби ја прошири неговата надлежност. Таков беше случјот со донесувањето на одлука: за начинот на уплата на

---

[18] ЗТД, член 222, став 5

основниот влог од страна на содружниците; за дополнителните доплати; за поделба на удел; за откуп на сопствен удел; за измена на договорот за друштвото; за престанок на друштвото со ограничена одговорност; за преобразба на друштвото со ограничена одговорност; и за спојување и поделба на друштвото.

Секогаш кога во Законот за трговските друштва од 1996 година беше определено дека е потребна согласност на сите содружници на друштвото, се претпоставуваше дека одлуката во која ќе ја изразат заедничката согласност содружниците требаше да ја донесат на собирот на содружниците.

Пристапот на Законот за трговските друштва е поинаков. Како што веќе укажавме Законот за трговските друштва и остава можноста на содружниците да го определат начинот на којшто ќе одлучуваат.

**3.4. По кои прашања Законот за трговските друштва облигаторно упатува на свикување и надлежност на собирот на содружниците?**

Законот за трговските друштва облигаторно упатува на свикување и надлежност на собирот на содружниците во следните случаи:

1) Кога овластени ревизори по барање на содружник, односно содружници чиишто влогови заедно сочинуваат најмалку една десеттина од основната главнина извршиле посебна ревизија на последната годишна сметка и финансиските извештаи и ако од извештајот за извршената ревизија произлегува дека се сторени груби повреди на законот или на договорот за друштвото, управитиелот и надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, должни се во рок не подолг од осум дена да се свика собир на содружниците на кој ќе го поднесат извештајот

од извршената ревизија и ќе побараат од собирот да се изјасни по него.[19]

2) Ако друштвото има повеќе управители и ако нивниот број се намали под бројот определен со договорот за друштвото, другите управители се должни, во согласност со договорот за друштвото, во рок од 30 дена од денот кога бројот на управителите се намалил под бројот определен во договорот за друштвото, да свикаат собир на содружниците или со одлучување преку допишување да организираат избор на управители до бројот определен во договорот за друштвото. Но ако друштвото остане без управител, а содружниците не избрале управител во рок од 30 дена од денот кога друштвото останало без управител, надзорниот одбор, односно контролорот, а ако друштвото нема орган на надзор собирот на содружниците го свикува од судот на предлог на кое било лице кое има правен интерес. Судот во рок од осум дена од приемот на предлогот определува физичкото лице и рокот во којшто тоа лице ќе ги преземе сите дејствија потребни за одржување на собирот на содружниците. [20]

**3.5. Дали собирот на содружниците со одлука може во своја надлежност да ги определи овластувањата што се однесуваат на управувањето, т.е на водењето на работите и застапувањето на друштвото во односите со третите лица?**

Според членот 161, став 2 од Законот за трговските друштва од 1996 година беше утврдена можност собирот на содружниците да може едногласно да одлучува за секое прашање од значење за работењето на друштвото. Во прашање беше утврдување на надлежност на собирот на содружниците, која во стриктната смисла не значеше преземање на работи од надлежноста на други органи на

---

[19] ЗТД, член 230, став 3
[20] ЗТД, член 233

друштвото, но која сепак, ин ултима линеа, значеше од случај до случај надополнување на надлежноста, поточно збогатување на надлежноста на собирот со одлучување и за работи кои не беа утврдени во негова надлежност со законот ниту со договорот за друштвото. Но, при тоа беше потребно да се исполни еден услов: ваквото преземање на работи од надлежноста на другите органи на друштвото да биде обусловено одлуката со која се решава респективното прашање да биде донесена едногласно, што значи дека секоја одлука од овој вид што немаше да биде донесена едногласно ќе се сметаше како и да не била донесена. Исто така со преземањето на одлучувањето по прашања што се утврдени во надлежност на други органи на друштвото собирот на содружниците не можеше да ги повреди категоричките норми што се однесуваа на утврдувањето на надлежноста на другите органи на друштвото. Ова проширување на надлежноста на собирот на содружниците можеше да се однесува само на онаа сфера од надлежноста на другите органи на друштвото што се означуваа како "водење на работите на друштвото", т.е. во сферата каде што дејствувањето на органите на друштвото беше насочено исклучиво кон внатрешните односи , а не кон надвор, кон третите лица.

Во Законот за трговските друштва оваа можност не е предвидена. Овластувањата, што се однесуваат на управувањето, т.е на водењето на работите и застапувањето на друштвото во односите со третите лица ги вршат посебно образувани органи, ситуирани надвор од собирот на содружници: со друштвото управува управител, односно два или повеќе управители. Кога во друштвото има три или повеќе управители, тие можат заедно да управуваат со друштвото конституирани како орган на управување на друштвото или на друг начин одреден во договорот за друштвото. За управител може да биде

избрано и физичко лице кое не е содружник.[21] Но ако содружник биде избран за управител тој како содружник има исти права, обврски и должности како и другите содружници во друштвото и нема право при остварувањето на своите права и извршувањето обврски и должности да се повикува на овластувањата, правата и обврските што ги има како управител на друштвото или како член на надзорен одбор на друштво.[22]

Овластувањата на управителот се определуваат со договорот за друштвото. Ако договорот за друштвото не ги определува овластувањата на управителот, тој може да ги преземе сите работи и правни дејствија што се поврзани и вообичаени за управувањето и работоводењето и се во интерес на друштвото. Ако се избрани повеќе управители, сите управители на друштвото имаат еднакви овластувања и права во однос на управувањето и работоводењето со друштвото, освен ако со договорот за друштвото не е поинаку одредено. Во односите со трети лица управителот е овластен да дејствува во сите околности во име на друштвото. Исклучок се овластувањата што според Законот за трговските друштва и договорот за друштвото ги имаат содружниците.[23]

Имено управителот е обврзан да го почитува ограничувањето на овластувањето за застапување одредено во договорот за друштвото, во одлуката на собирот на содружниците или во одлука донесена преку допишување или според задолжителните упатства на надзорниот одбор, односно контролорот, ако овие органи се основани. Ако управителот презема дејствие во име на друштвото без да има овластување за тоа, лично му е одговорно на друштвото за штетата што ќе произлезе од тоа.[24]

---

[21] ЗТД, член 231
[22] ЗТД, член 233, став 4
[23] ЗТД, член 233, ставовите 1, 2 и 3
[24] ЗТД, член 236, ставовите 3 и 4

### 3.6. Како се утврдува надлежноста на собирот на содружниците на надзор?

Закон за трговските друштва нуди и изменето решение во поглед на надзорот. Образувањето на надзорен одбор, односно контролор на друштвото веќе не е облигаторно, освен за ДОО кое има основна главнина поголема од 50.000 ЕВРА денарска противвредност и повеќе од 20 содружници.[25]

Ако не се образува надзорен одбор, односно не се именува контролор следењето и спроведувањето на договорот за друштвото, грижата за работењето со имотот на друштво и неговото зачувување, контролата на начинот на кој се врши управувањето со друштвото од страна на управителот ја вршат непосредно содружниците преку собирот на содружниците.

Без разлика дали се образува надзорен одбор, односно се именува контролор собирот на содружниците врши и т.н. редовен надзор преку разгледување и усвојување на годишната сметка и извештајот за работењето на друштвото во претходната деловна година.[26]

Секој содружник може на лице кое врши ревизија во секое време писмено да му обрне внимание на определени работи од неговиот делокруг. Ако работата е значајна и итна, а управителот на предлог на содружник или содружници чии влогови заедно претставуваат најмалку 10% од основната главнина не го свикал собирот на содружниците, собирот на содружниците го свикуваат овие содружници.[27]

Одлуките со кои се регулираат односите меѓу содружниците и се обезбедува функционирање на друштвото со ограничена одговорност се резервирани за содружниците, кои мораат да се определат дали ќе се конституираат во собир на содржниците или ќе одлучуваат за заедничките работи, односно ќе ги донесу-

---

[25] ЗТД, член 245
[26] ЗТД, член 251, став 1
[27] ЗТД, член 251, ставовите 4 и 5

ваат одлуките во друштвото со одлучување преку допишување. Прашањата за кои содружниците ќе се определат да одлучуваат на собир на содружниците или преку допишување, начинот, условите и постапката на донесувањето на одлуките се определуваат со договорот за друштвото.[28]

## 4. ПРАВИЛА СПОРЕД КОИ СЕ СВИКУВА И РАБОТИ (ОДРЖУВА) СОБИРОТ НА СОДРУЖНИЦИ

### 4. 1. Кој може да свика собир на содружниците?

Собирот на содружниците го свикува управителот. Со договорот за друштвото, правото на свикување на собирот може да му биде дадено и на друго лице.[29]

Собирот на содружниците може да биде свикан секогаш кога тоа го бараат интересите на друштвото. Но собирот на содружници мора да се одржи најмалку еднаш годишно, односно мора да биде свикан најмалку еднаш годишно. Роковите во кои се свикува собирот на содружниците е предвиден со Законот за трговските друштва и со договорот за друштвото.[30]

### 4.2. Кога мора да се свика собир на содружниците?

Според Законот за трговските друштва собирот на содружниците мора да биде свикан и тоа без одлагање во следните случаи:

1) Кога тоа ќе го побараат еден или повеќе содружници чиишто влогови заедно изнесуваат најмалку една десеттина од основната главнина. Барањето за свикување на собирот на содружниците се поднесува во писмена форм. Во барањето мора да бидат наведени причините за

---

[28] ЗТД, член 213
[29] ЗТД, член 216, став 1
[30] ЗТД, член 216, став 3

свикување на собирот на содружниците. Барањето се поднесува до управителот односно до надзорниот одбор или до лицето кое според договорот за друштвото е овластено да свика собир на содружниците. Ако управителот односно до надзорниот одбор или лицето кое според договорот за друштвото е овластено да свика собир на содружниците не го свика собирот во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето, содружниците кои го поднесле барањето имаат право сами да го свикаат собирот на содружниците. При тоа тие имаат право и обврска да го утврдат и дневниот ред на собирот.[31]

2) Кога одлука за свикување на собирот на содружниците донесе надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор.[32]

3) Кога тоа ќе го побараат еден или повеќе содружници чиишто влогови заедно изнесуваат најмалку 51% од основната главнина. Ако управителот, односно надзорниот одбор, по нивно барње не го свика собирот на содружниците во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, содружниците можат да поднесат предлог за свикување на собирот до судот.[33]

4) По барање на секој содружник или содружници чии влогови заедно претставуваат најмалку една десеттина од основната главнина кој во вршењето на непосредниот надзор на надзорниот одбор, односно на контролорот или на лице кое врши ревизија писмено му обрнале внимание на работи коишто се значајни и итни, управителот, на предлог на надзорниот одбор, односно на контролорот, мора да го свика собирот на содружниците. Ако управителот не го свика собирот на содружниците, собирот го свикува без одлагање надзорниот одбор, односно контролорот. Ако друштвото нема надзорен одбор, односно контролор, собирот на содружниците го

---

[31] ЗТД, член 216, став 3 и 4
[32] ЗТД, член 216, став 5
[33] ЗТД, член 216, став 6

свикуваат содружникот или содружници чии влогови заедно претставуваат најмалку една десеттина од основната главнина.[34]

**4.3. Како се свикува собирот на содружниците?**[35]

Собирот на содружниците се свикува во писмена форма и тоа со писмена покана, односно со друго известување по писмен пат. Писмената покана односно другото известување по писмен пат се доставува со препорачано писмо, со друга брза пошта или на друг погоден начин со доказ за прием од секој содружник. Со договорот за друштвото може да биде и поинаку определено доставувањето и потврдувањето на примот на писмената покана, односно другото известување по писмен пат.

Од денот кога писмената покана, односно другото известување по писмен пат е испратено до денот на одржување на собирот на содружниците, мора да изминат најмалку осум дена. Во поканата, односно во другото известување по писмен пат се наведува и дневниот ред.

**4.4. Кои се последиците од неуредно свикан собир на содружници?**

Ако собирот на содружниците не е свикан уредно, односно не е свикан по писмен пат со доставувањето и потврдувањето на примот на писмената покана, односно другото известување по писмен пат собирот на содружниците може да работи да одлучува само под еден услов: ако се присутни сите содружници и ако тие не се противат на одржувањето на собирот.[36]

**4.5. Како се определува дневен ред на собир на содружниците**

---

[34] ЗТД, член 251, ставовите 4 и 5
[35] ЗТД, член 216, став 2 и член 217, став 1
[36] ЗТД, член 217, став 2

Дневниот ред го опредлува свикувачот на собирот на содружниците. Дневниот ред се наведува во поканата, односно во другото известување по писмен пат.

Секој содружник има право да бара некое прашање дополнително да се внесе во дневниот ред на собирот. Со цел содружникот да ги запознае другите содружници со својот предлог, тој мора со прашањето кое бара дополнително да биде внесено во дневниот ред на собирот да ги извести другите содружници најдоцна три дена пред одржувањето на собирот.[37]

Прашањата што не се наведени во поканата, односно за коишто другите содружници не се дополнително запознаени три дена пред одржувањето на собирот на содружниците можат да се внесат во дневниот ред и да се разгледуваат и на самата седница на собирот ако бидат кумулативно исполнети два услови:

- на собирот на содружниците да се присутни сите содружници; и

- ако присутните содружници на собирот на содружниците не се противат на тоа.[38]

### 4.6. Во кое место се одржува собирот на содружниците?

Собирот на содружниците се одржува во седиштето на друштвото. Со договорот за друштвото може да биде и поинаку определено и собирот на содружниците да се одржува на друго место.[39]

### 4.7. Кој е кворумот за работа и за донесување одлуки (одлучување)?

За разлика од Законот за трговските друштва од 1996 година кој не содржеше изречна одредба за кворумот неопходен за полноважна работа на собирот на

---

[37] ЗТД, член 217, став 3
[38] ЗТД, член 217, став 3
[39] ЗТД, член 217, став 4

содружниците Законот за трговските друштва определува кога собирот на содружниците може да работи и одлучува односно кога има кворум за работа.

Во Законот за трговските друштва од 1996 година нормата за кворумот можеше да се изведе посредно од член 166, став 1 со којшто се пропишуваше мнозинството со кое се донесуваа одлуките на собирот на содружниците. Согласно одредбата од овој член, одлуките на собирот на содружниците се донесуваа со гласовите на содружниците кои претставуваат повеќе од половината на уделите во друштвото. Отаде, за да можеше собирот на содружниците да донесува одлуки на него требаа да присуствуваат содружник или содружници кои се сопственици на повеќе од половината на уделите во друштвото.

Кој е бројот на содружниците кои според Законот за трговските друштва треба да учествуваат во работата на собирот за да се смета дека тој работи полноважно. Веднаш треба да се рече дека е сосема ирелевантен бројот на содружниците кои присуствуваат на собирот.

Полноважноста на собирот произлегува од претставеноста на основната главнина. Имено, полноважно може да работи само оној собир на кој присуствуваат содружници во чии удели е претставен определен дел од основната главнина, а не определен број на содружници.

Иако е очигледна намерата на законодавецот да го спречи одржувањето на собир на кој присуствува само еден содружник, неспорно е дека собирот може да работи полноважно, што значи и може да донесува одлуки ако на него присуствува и само еден содружник. Ова може да биде особено случај кога друштвото има најмногу два или три содружника.

Ниту една одредба од Законот за трговските друштва не наметнува кворум по глава (број на содружници) за полноважност на работењето на собирот, туку бара мнозинство од гласовите содржани во уделите.

Во таа смисла, може да се случи собирот да се одржува со учество само на еден од содружниците ако тој поседува удел во кој е претставена повеќе од половина на основната главнина, иако на собирот не присуствуваат други содружници кои биле регуларно повикани на собирот.

Според Законот за трговските друштва собирот на содружниците може да работи и одлучува односно се смета дека има кворум за работа, ако на собирот на содружниците се присутни содружници кои имаат мнозинство од гласовите што ги даваат влоговите чии износ од влогот одговара на вредноста од 100 ЕВРА, при што деловите под 100 ЕВРА изразени во денари не се земаат предвид при определувањето на кворумот бидејќи тие не даваат право на глас.[40]

**4.8. Со кое мнозинство се донесуваат одлуките на собирот на содружниците?**

Ако е обезбеден потребниот кворум за работа на собирот на содружниците одлуките ги донесуваат по правило со таканаречено обично мнозинство на гласови од кворумот за работа и одлучување. Тоа значи дека одлуките се донесуваат со мнозинство на гласовите што можеле да се дадат на собирот на содружниците.

Според Законот за трговските друштва со договорот за друштвото содружниците можат да определат собирот на содружниците одлуките да ги донесува и со квалификувано мнозинство, значи поголемо од простото мнозинство на гласови од кворумот за работа и одлучување. Законот за трговските друштво не ја исклучува и можноста содружниците да се определат одлуките на собирот на содружниците да ги донесуваат и со консензус.

Во Законот за трговските друштва се пропишани три отстапувања од овие општи правила во поглед на

---

[40] ЗТД, член 218, став 1 и член 219, став 1

мнозинството со кое се донесуваат одлуките на собирот на содружниците.

Првото отстапување се однесува на воведувањето квалификувано мнозинство за донесување на определени одлуки и тоа за донесување на:

- Одлуката за измена на договорот за друштвото. Оваа одлука се донесува најмалку со тричетвртинско мнозинство од вкупниот број гласови што ги имаат содружниците во друштвото. Во договорот за друштвото може да се определи поголемо мнозинство, а може да се предвидат и дополнителни услови за негова измена; [41]

- Одлуката за стекнување сопствени удели содружниците. Оваа одлука се донесува најмалку со тричетвртинско мнозинство гласови од вкупниот број гласови што ги даваат уделите.[42]

Второто отстапување се однесува на воведувањето едногласност во одлучувањето. Одлуката за измена на предметот на работење на друштвото, утврден во договорот за друштвото, содружниците ја донесуваат едногласно, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.[43]

Трететото отстапување се однесува на воведувањето согласност на сите содружници на друштвото коишто се засегнати со одлука. Имено, одлуката за зголемувањето на утврдените обврски на содружниците што произлегуваат од договорот за друштвото или за намалувањето на правата на содружниците што им припаѓаат според договорот за друштвото се донесува со согласност на сите содружници на друштвото коишто се засегнати од зголемувањето на обврските, односно од намалувањето на правата.[44]

Ако договорот за друштвото содржи одредби коишто се во спротивност со наведените пропишани три

---

[41] ЗТД, член 252, став 1
[42] ЗТД, член 203, став 1
[43] ЗТД, член 252, став 2
[44] ЗТД, член 252, став 3

отстапувања во поглед на мнозинството со кое се донесуваат одлуките на собирот на содружниците тие одредби се ништовни.

**4.9. Список на присутните содружници на собирот**

Иако Законот за трговските друштва тоа не го пропишува, корисно е кога друштвото опфаќа поголем број на содружници, да се подготви список на присутните на собирот на содружниците што ќе го потпишат присутните содружници или нивните претставници. Оваа мерка на претпазливост овозможува, всушност, да се утврди мнозинството кое е потребно за донесување на одлуките и да се одбегне потпишувањето на записникот од страна на присутните или претставени содружници. Со оглед на податоците што треба да бидат содржани во записникот од собирот на содружниците, во списокот на присутните треба да бидат содржани/наведени само имињата на присутните или претставените содружници.

**4.10. Право на учество во работата на собирот на содружниците**

Секој содружник има право да учествува во работата на собирот на содружници. Законот за трговските друштва го гарантира учеството во работата на собирот, а не простото присуство на собирот. Тоа всушност значи дека ниту еден содружник не може да биде исклучен, односно на кој било начин спречен да учествува во работата на собирот на содружници. треба да се смета за недопуштена секоја одредба во договорот за друштвото со која се ограничува пристапот и учеството во работата на собирот од страна на содружникот, на пример, одредба со која пристапот кон собирот се условува, односно врзува за поседување на удел од определена големина (2 % или 5% од основната главнина. Според член 218 од Законот за трговските друштва секој износ од влогот што одговара на вредноста од 100 ЕВРА дава еден глас. И кога содружниците во

договорот за друштвото определиле содружниците да имаат и поинакво право на глас, секој содружник мора да има право на најмалку еден глас.

Како што веќе укажавме Законот за трговските друштва на управителот, односно на управителите на друштвото им овозможува учество во работата на собирот кога тие не се содружници. Имено, според член 214, став 2 од Законот за трговските друштва кога управител на ДОО нема својство на содружник му го гарантира учеството во работата на собирот на содружници. Оваа законска одредба ја исклучува можноста улогата на управителот, односно управителите кои не се и содружници на друштвото да се сведе само на правото да го свикуваат собирот на содружниците и да го утврдуваат дневниот ред по кој собирот ќе работи. Напротив, таа им го овозможува и правото активно да учествуваат во работата на собирот и да земаат збор во расправата. Но, без право да гласаат по прашањата за кои се расправа. Тоа значи дека тие не учествуваат во донесувањето на одлуките на собирот на содружниците.

**4.11. Како се определува право на глас?**

Правото на глас во ДОО не е врзано за личноста на содружникот, туку за вредноста на основниот влог од кој произлегува уделот во друштвото што му припаѓа. Овде не важи правилото еден содружник - еден глас, туку правилото еден содружник - онолку гласови колку што му припаѓаат на неговиот влог во основната главнина. Основно начело е: секој содружник располага со гласови сразмерно на својот удел во друштвото. Ова правило е една од манифестациите на капиталскиот карактер на друштвото со ограничена одговорност.

Според Законот за трговските друштва секој износ од влогот што одговара на вредноста од 100 ЕВРА, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на склучувањето на договорот за друштвото, односно на денот на донесувањето на одлуката за

промената на основната главнина, дава еден глас. Деловите под 100 ЕВРА не даваат право на глас.

Со договорот за друштвото може да се утврди некои содружници да имаат повеќе гласови на секои 100 ЕВРА влог или правото на глас на некои содружници да биде определено независно од вредноста на основниот влог. Во договорот за друштвото содружниците можат да внесат и поинакви одредби во поглед правото на глас од начинот на којшто го определува Законот за трговските друштва. Така на пример бројот на гласовите да не зависи од изност на вредноста на влогот. На пример во едно ДОО со два содружника со соновнат главнина чија номинална вредност има 5.000 ЕВРА, содружниците можат со договорот за друштвото да определат бројот на гласовите да не зависи од износот на влогот. На пример и покрај тоа што едниот содружник има влог којшто учествува со 30% во основната главнина, односно со вредност од 1500 ЕВРА, а другиот содружник има влог којшто учествува со 70% во основната главнина, односно со вредност од 3500 ЕВРА и давата содружника да имаат по 50 гласа.

Меѓутоа, во Законот за трговските друштва не е прифатено решението што го познаваат законите за друштвата со ограничена одговорност на некои земји, содружникот да може да биде лишен од правото на глас на собирот на содтружниците. Како што веќе укажавме според Законот за трговските друштва секој содружник мора да има најмалку еден глас, право од кое содружникот не може да биде лишен.[45]

**4.12. Кои се ограничувањата при остварувањето на правото на глас?[46]**

---

[45] ЗТД, член 218
[46] ЗТД, член 220

Законот за трговските друштва утврдува правото на глас да биде суспендирано на оној на содружник кога се одлучува, односно гласа за следните прашања:

- кога со одлуката што треба да се донесе го ослободува содружникот од обрска или од одговорност,

- кога треба на содружникот да му се признае некаква предност или привилегија на сметка на друштвото, или

- кога со одлукаата на содружник му се признава некаква предност, или привилегија, или

- кога со одлуката се одлучува за склучување правна работа меѓу содружникот и друштвото, или

- кога со одлуката се одлучува за поведување судска постапка во којашто странки ќе бидат содружникот и друштвото.

Содружниците можат во договорот за друштвото да определат и другите случаи кога содружникот на кој било друг начин е заинтересиран за донесувањето на одлуката и во кои содружник на ДОО не може да гласа, односно не може да се изјасни .

Во сите овие случаи, содружникот во вистинската смисла не е лишен од правото на глас, туку неговото право на глас ин цонцрето се суспендира, бидејќи е очигледно дека неговото учество во одлучувањето за определен случај е инкомпатибилно со интересите на друштвото или интересите на другите содружници.

За прашањата кои со Законот за трговските друштва, односно со договорот за друштвото е определено дека содружникот не може да гласа, односно не може да се изјасни, содружникот не може да гласа ни преку застапник.

Секоја одредба во договорот за друштвото, спротивна на овие правила е ништовна.

**4.13. Кој е носител на правото на глас во случај на оптовареност на уделот со права на трети лица?** [47]

Во случај на оптовареност на уделот со право на плодоуживање, правото на глас, му припаѓа на сопственикот на уделот. И не само тоа содружникот кој го дал уделот во залог може да ги остварува сите права и ги презема сите обврски што произлегуваат од содружничкиот однос.

Во случај уделот да е запленет или да е ставен под залога, а присилна продажба не е извршена, должникот останува сопственик на уделот, и тој мора/може да го врши правото на глас врзано за неговиот удел.

**4.14. Како може содружникот да го остварува своето право на глас?**[48]

По правило содружникот своето право на глас го остварува лично. Во ДООЛ содружникот секогаш правото на глас го остварува лично. Ако ДОО има повеќе од двајца содружници, секој од содружниците може на собирот на содружниците да биде застапуван од друг содружник или друго лице.

Правото на застапување се стекнува врз основа на полномошно. Имено кога содружникот го остварува правото на глас преку друг содружник или друго лице тој мора да му издаде полномошно на тоа лице. Изадвањето, намалувањето или отповикувањето на полномоштво е правно формализирано. Полномошното се издава во писмена форма и се заверува кај нотар. Во полномошното се наведува обемот на овластувањето на полномошникот. Намалувањето или отповикувањето на овластувањата дадено во полномошното, мора исто така да се направи со изјава заверена кај нотар.

Од текстот на Законот за трговските друштва произлегува дека мандатот за претставување не може да

---

[47] ЗТД, член 204, став 2
[48] ЗТД, член 221

биде перманентен. Имено, мандатот за претставување вреди само за определен собир на содружниците. Се разбира, тоа се однесува и на одржувањето на сукцесивен собир (одложен или прекинат) со истиот дневен ред.

Меѓутоа, мандатот мора да биде генерален: содружникот не може да даде овластување само за дел од гласовите на својот удел, а со другиот дел од гласовите на уделот да учествува непосредно на собирот.

Исклучок при застапувањето се законските застапници физичко лице и застапниците по закон на правно лице. Тие ги застапуваат содружниците на собир на содружниците без полномошно. Но тие се должни на собирот на содружниците да приложат доказ дека се законски застапници, односно застапници по закон.

За содружник кој е странско лице Законот за трговските друштва предвидува и друга можност: сите дејствија од името на содружник странско лице може да ги врши застапник кому му е дадено писмено овластување, заверено кај нотар, или кај друг соодветен орган кај којшто се врши заверување на овластување во земјата чијшто државјанин е странското физичко лице, односно во земјата во којашто содружникот има основано друштво, а ако содружник е правно лице.

**4.15. Кој раководи со собирот на содружници?**

Законот за трговските друштва молчи во поглед на раководењето со собирот на содружниците. Може да се прифати со собирот да раководи управителот, односно еден од управителите што ќе го определат другите управители, но само под услов управителот да има и својство на содружник на друштвото. Секогаш, кога ниту еден од управителите не е содружник, со собирот треба да раководи содружник што ќе го изберат другите содружници присутни или претставени на собирот. Но, во договорот за друштвото може да се определи со собирот да раководи содружник кој поседува мнозински удел или барем најголем удел во друштвото, со што автоматски се

решава прашањето за раководењето со собирот на содружниците. Не е препорачливо претседавачот на собирот да именува секретар на собирот кој ќе води записник и ќе составува извештај за текот на расправата и одлучувањето на собирот. Но, таква можност може да се предвиди во договорот за друштвото.

## 5. СОБИРОТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ И НАДЗОРОТ НАД РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

За разлика од Законот за трговските друштва од 1996 година Законот за трговските друштва има сосема поинаков пристап кон надзорот над работењето на друштвото. Според Законот за трговските друштва одредбите со коишто се уредува надзорниот одбор, односно контролорот се применуваат само ако со договорот за друштвото е определено друштвото да има орган на надзор.

### 5.1. Која е надлежноста на собирот на содружниците при изборот на и отповикување на органот за надзор?

Ако со договорот за друштвото е определено друштвото да има орган на надзор членовите на надзорниот одбор, односно контролорот ги избира и отповикува собирот на содружниците. Со договорот на содружниците може да се определи и на поинаков начин да се избира органот за надзор. Во друштвото со ограничена одговорност од едно лице, ако содружникот одлучил да образува орган на надзор, членовите на надзорниот одбор, односно контролорот го избира и го отповикува со своја одлука единствениот содружник. Првиот надзорен одбор, односно контролорот може да бидат назначени со договорот за друштвото.[49]

---

[49] ЗТД, член 246, ставовите 1 и 2

**5.2. Која е обврската а органот за надзор во однос на собирот на содружниците?**

Надзорниот одбор, односно контролорот по прегледувањето на годишната сметка на друштвото и другите финансиски извештаи, на предлогот за распределба на добивката и оценувањето на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година за тоа го известува собирот на содружниците. Во извештајот, надзорниот одбор, односно контролорот мора посебно да назначи на каков начин и во каков обем го прегледал водењето на работите на друштвото во календарската година и до какви заклучоци дошол откако извршил преглед на годишната сметка и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.[50]

Ако тоа го бара интересот на друштвото надзорниот одбор, односно контролорот мора да го свика собирот на содружниците.[51]

**5.3. Како содружниците преку собирот на содружниците вршат надзор?**[52]

Содружниците, преку собирот на содружниците, вршат редовен надзор. Надзорот го вршат преку разгледување и усвојување на годишната сметка и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Кога остварувањето на правото на надзор преку собирот на содружниците е попречено или оневозможено од надлежен орган на друштвото или од раководно лице, за остварување на правото, на предлог од содружник, одлучува судот.

---

[50] ЗТД, член 246, став 2
[51] ЗТД, член 246, став 3
[52] ЗТД, член 251